# Бојано моме Бојано




Под борче седи Бојана,
Под неа има шарен ѓерѓев,
На ѓерѓев везе крпчиња,
И тиа пусти гаќници,
Кој ќе натфрли борчето,
Тој ќе си земе момето.

Кој ќе натфрли борчето,
Сос девет оки жилезо.
Собрале ми се ергени,
Ергени, море, тиквешани,
Се обидоа на борче,
Барем еден не го натфрли.

Ене го дедо кај иде.
Сос бела брада до појас,
„Дај те го деца жилезо,
Дедо да се обиде на борче,
Дали ќе го дедо натфрле,
Дали ќе ви земам момето.“

Кога му дадоа жилезо,
Се поистрча стар дедо,
Па го изманал жилезо,
До две три педи над борче.
Тоги се моме расплака:
„Ох леле мене до бога.“

Писна ми моме да плаче,
„Ох леле мене до бога,
Кому ќе давам крпчиња,
И тиа пусти гаќници,
Ајде бре дедо стар дедо,
Ајде ме продај на ергени.

Тогај ѝ дедо говори:
„Ој море моме Бојано,
Ниму ти плачи ним’ жали
Ја ќе си купам јадички,
Ќе си растегнам брчките,
Ќе си обричам брадата.“

Тогај си дедо говори:
„Еј ти бре моме будало,
Ним ’жали моме, ним’плачи,
Мене си к’смет ти била,
Што мака видо дур те зедо,
А како ли сега да те продадам.“

Пеел Пане Соколов од село Грниково—Тиквешко, 1937 година.

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968.